Врз основа на член 6 од Правилникот на Арбитражниот суд при Стопанската комора на Македонија, Претседателството на Арбитражниот суд на седницата одржана на 26.05.2011 година го донесе следниов

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА АРБИТРИТЕ

## I. ПРИФАЌАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

1. Арбитерот може да го прифати именувањето само ако смета дека е способен да ја исполни должноста непристрасно и во примерен рок.

2. Арбитерот може да го прифати именувањето само ако има доволно знаење за правото кое ја уредува постапката и за правото кое е меродавно за суштината на спорот.

3. Арбитерот може да го прифати именувањето само ако доволно го познава јазикот на арбитражата.

## II. НЕПРИСТРАСНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

1. Арбитерот мора да биде независен од странките во постапката.

2. Во текот на арбитражната постапка арбитерот е должен да постапува така што со своето однесување нема да предизвика сомневање за својата независност и непристрасност.

3. Пред да го прифати именувањето, арбитерот е должен да им ги открие на странките сите околности што можат да ја доведат во прашање неговата непристрасност и/ или независност, а особено:
- ако вршел било какви задачи или налози за некоја од странките,
- ако има непосреден или посреден финансиски интерес во врска со решавањето на предметот,
- ако има било какви доверливи информации кои се однесуваат на предметот на спорот, а кои ги дознал од извори надвор од арбитражната постапка,
- ако располага со други информации кои се важни за зачувување на надворешниот изглед на непристрасноста.

4. Арбитерот е должен да постапува непристрасно и ако околностите од точка 3 настапат во текот на постапката.

5. Ако арбитерот се посомнева во тоа дека дополнително настапиле околности кои можат да влијаат на неговата непрострасност и независност, должен е без одлагање за тоа да го извести Арбитражниот

суд при Стопанската комора на Македонија (во натамошниот текст: Арбитражен суд) и странките.

6. Ако арбитерот смета дека не е способен непристрасно да ја исполни својата должност, не смее да го прифати именувањето, дури и ако двете странки се согласни со именувањето.

## III. ПОСТАПКА

1. Арбитерот е должен да ја води постапката во согласност со општите акти на Арбитражниот суд.

2. Во текот на арбитражната постапка, арбитерот е должен да ги предупреди странките за можноста да се порамнат и да им помогне во тоа, но без наметнување на решение. Во случај на порамнување, арбитерот треба да внимава порамнувањето да ја изразува вистинската волја на странките.

3. При водењето на арбитражната постапка арбитерот е должен да дејствува така што арбитражната постапка ќе се спроведе без непотребни трошоци или трошоци кои се несразмерни на вредноста на предметот на спорот.

4. Во текот на арбитражната постапка арбитерот е должен да избегнува посебни состаноци или други облици на комуникација со некоја од странките во врска со предметот на спорот. Ако дојде до таква комуникација, арбитерот е должен без одлагање да го извести Арбитражниот суд, другата странка и останатите арбитри за нејзината содржина.

## IV. ДОВЕРЛИВОСТ

1. Арбитерот е должен да ги чува како доверливи податоците за кои дознал во текот на арбитражната постапка.

2. Арбитерот не треба да сведочи за податоците, ниту да ги става на располагање доверливите исправи да кои дошол во текот на арбитражната постапка, освен ако е тоа во спротивност со законот кој ја уредува должноста за сведочење или поднесување исправи.

## V. НЕСПОИВОСТ

1. По завршувањето на арбитражната постапка арбитерот и лицата кои се поврзано со него (на пр. друг адвокат од истата адвокатска канцеларија или адвокатско друштво), не смеат во правните односи што се на било кој начин поврзани со предметот на арбитражната постапка, да ја советуваат, застапуваат, ниту да извршуваат налози на ниту една од странките.

## VI. НАГРАДА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ

Со прифаќање на должноста арбитерот стекнува право само на надомест на трошоците и награда во согласност со важечките акти на Арбитражниот суд и меродавните прописи.

## VII. БРЗИНА НА ПОСТАПКАТА

1. Арбитерот е должен што е можно побрзо да ја спроведе арбитражната постапка и да внимава да не дојде до непотребни одолжувања.

2. Ако во текот на арбитражната постапка кај арбитрите настапат околности кои можат значително да ја забават постапката, арбитерот е должен за тоа без одлагање да го извести Арбитражниот суд и странките.

3. По заклучувањето на арбитражната постапка, арбитерот е должен во разумен рок да ја состави и потпише арбитражната одлука во согласност со општите акти на Арбитражниот суд.

Бр.44-6/3
26.05.2011
Скопје

Претседателство на
Постојаниот избран суд – Арбитража
Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.